ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Ѓорче Петров

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (630) за 2021 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- не се води регистар за недвижен имот и регистар на издадени одобренија за поставување на урбана опрема;
- утврдени се неправилности во начинот и постапката на давање на користење на деловни простории, урбана опрема и спортски објекти;
- побарувањата со состојба на 31.12.2021 година во Билансот на состојба не се реално и објективно прикажани.

**Издадено мислење*:** (жолто – со резерва)
Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики, за сметка на основен Буџет (630) за 2021 година.

**Клучни препораки:**
- да се воспостави регистар за недвижен имот и регистар на издадени одобренија за поставување на урбана опрема;
- постапките за давање на користење на стварите во сопственост на општината да се спроведуваат по пат на електронско јавно надавање;
- Комисијата за попис за побарувањата од минати години за кои има поткрепувачка документација дека за истите не постои можност да се наплатат, до Советот на општината да поднесе предлог за отпис;

**Клучни системски слабости:**
нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот по основ на комунална такса што се плаќа при регистрација на возила и комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (630) за 2021 година.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018